| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | методи за предметот | | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 240 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 45 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), тимска работа<br>семинари: часови | 65 часа<br><br>10 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 120 часови |
| 18 | Услови за потпис | Редовна посета и активност на предавања (минимум 60%). Редовна посета и активност на вежби(90%).За да ги полага колоквиумите и завршниот испит студентот треба да го има положено предметот Основи на Пародонтологија.Доколку студентот не ги положи сите три колоквиуми предвидени за континуирано оценување, полага завршен тест кој носи 40 бодови и завршен практичен и усмен испит кој носи 60 бодови. | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Колоквиуми: бодови | | 30 бодови |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 10 бодови |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 60 бодови |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Michael G. Newman et all | Carranza’s Clinical periodontology, 12th edition | Elsevier 2012 | 2015 |
| | | 2. | Пандилова и соработници | Клиничка пародонтологија(интерна скрипта) | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | | 3. | Дирјанска и соработници | Клиничка пародонтологија(практикум) | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Атанасовска и соработници | Пародонтолошки картон | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | | 2. | Ивановски К | Пародонтологија – интерна скрипта од предавања | Ивановски К | 2012 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Детска стоматологија 2 |
| 2. | Код | ДМЗДС5 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра за детска и превентивна стоматологија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 5 | семестар | 9 и 10 семестар |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 8 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска,<br>*Во наставата ќе бидат вклучени сите наставници од катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Отслушани сите задолжителни предмети од четврта година и положени сите задолжителни предмети од трета година | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | По ислушаните теоретски часови, одржаните практични вежби и положениот испит, студентот би требало:да може да изведе преглед, проценка на психолошкиот тип на пациентот и да одреди план на терапија; да го познава растот и развојот во орофацијалната регија, да ја познава хронологијата на дентицијата кај децата, и да дијагностицира и третира аномалии на забите; да дијагностицира и третира кариес кај млечни и трајни заби; да дијагностицира и третира заболувања на пулпата и пародонтот, меките ткива во устата, како и компликации од општи, нутритивни и метаболни пореметувања; да знае да избере и аплицира адекватен стоматолошки материјал во согласност со индикацијата; да планира и изведува орално-хируршки интервенции кај деца; да дијагностицира и третира трауми и компликации од траумите кај деца; да планира и изведува естетски процедури кај деца; да планира и изведува протетски интервенции кај деца. | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Поглавје 1. Ендодонтски третман и естетски процедури во детска возраст**<br>Терапија на заболувањата на пулпата кај забите со незавршен раст на коренот.........................................................................2 часа<br>Материјали во детската стоматологија: средства за тоалета на кавитети, материјали за привремено затворање на кавитети, бази, лајнери, материјали за дефинитивна оптурација на коренските канали, реставративни материјали (композити, глас-јономер цементи, хибридни материјали).2часа<br>Стоматолошка естетика во детска возраст: изработка на надградби, ламинати, белење на заби.......................................1 час<br>Употреба на ласери во детската стоматологија: препарација на кавитети, подготовка за поставување на композити и средства за запечатување на фисури, ендодонција, орално-хируршки третман, LLLT, белење на заби 1ч.<br>***Резултати од учење од Поглавје 1:*** *Студентот стекнува теоретски и практични знаења за современите ендодонтски процедури кај заби со незавршен раст на коренот, за соодветна употреба на стоматолошки материјали и за примена на современи методи и технологии во детската стоматологија, вклучувајќи ги ласерите и естетските процедури.*<br>**Поглавје 2. Заболувања на оралните ткива кај деца**<br>Заболувања на меките ткива во оралната празнина кај децата: повреди на слузницата (механички, термички, хемиски, зрачења); заболувања на усните: Cheilitisexfoliativa, Cheilitisangularis, Cheilitisglandularis, Melkersson-Rosenthal-ов синдром, Ascher-ов синдром, морфолошки промени; заболувања на јазикот: Linguageographica, Linguavillosanigra, развојни аномалии на јазикот (Linguaplicata, Glossitisrhombicamediana, Macroglossia, Microglossia, Aglossia, Linguabifida, | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | Ankyloglossia)...............3 часа<br>Заболувања на гингивата: Gingivitiscattharalis, Gingivitishyperplastica, Gingivitisfibromatosa, Gingivitisulcero-necroticans, Gingivitis при никнење, Pericoronitis); заболувања на пародонциумот: етиологија, класификација, тераписки модалитети...........................................................................2 часа<br>Орални манифестации на инфективни заболувања: бактериски, вирусни, габични инфекции; орални манифестации на системските заболувања: хематолошки заболувања (заболувања на црвената, белата крвна лоза, заболувања со тенденција за крварење), кожни, кардиоваскуларни, респираторни, ендокрини и ренални, гастроинтестинални заболувања); пореметувања во имунолошкиот систем: примарни, секундарни промени, автоимуни заболувања; пореметувања во метаболизмот; нутритивни пореметувања: недостиг на протеини, калциум и фосфор, магнезиум, поединечни микроелементи, витамини.................................................3 часа<br>***Резултати од учење од Поглавје 2:*** *Студентот се запознава со широкиот спектар на патолошки состојби кои ги афектираат оралните ткива кај деца, вклучувајќи ги заболувањата на оралната слузница, усните, јазикот, гингивата и пародонциумот, како и оралните манифестации на системски заболувања и инфекции. Овие знаења се фундаментални за правилна дијагностика и третман на многубројните орални патолошки состојби кај децата.*<br>**Поглавје 3. Дентални трауми и нивни компликации**<br>Повреди на забите и потпорните ткива кај деца: епидемиологија, етиологија, постапка при третманот- анамнеза, клиничко испитување, параклинички испитувања, поставување на дијагноза; класификација на повредите ...2 часа<br>Терапевтски процедури при повреди на забите и потпорните ткива кај деца...........................................................................................2 часа<br>Компликации од повредите на забите и потпорните ткива........1 час<br>***Резултати од учење од Поглавје 3****: Студентот стекнува темелни познавања за денталните трауми кај деца, вклучувајќи ја нивната класификација, дијагностика, современи терапевтски протоколи и менаџмент на можните компликации.*<br>Тумори и цисти во детска возраст.............................................2 часа<br>**Поглавје 4. Педопротетика и интерцептивна ортодонција**<br>Педопротетика во млечна и трајна дентиција; интерцептивна ортодонција................................................................................2 часа<br>***Резултати од учење од Поглавје 4****: Студентот се запознава со основните принципи на протетскиот третман кај децата и со интерцептивните ортодонтски мерки кои се применуваат за превенција на развој на малоклузии и други ортодонтски проблеми.*<br>**Поглавје 5. Орална хирургија и фармакотерапија кај деца**<br>Орално-хируршки интервенции кај деца: екстракции на млечни и трајни заби, индикации и контраиндикации, инструментариум, методологија, компликации при и по екстракција на забите, специфични орално-хируршки интервенции кај деца............2 часа<br>Дентогени инфекции кај деца: етиологија, дијагноза, видови, терапија.1 час<br>Антибиотици и останати антимикробни медикаменти во детска возраст: видови, дозирање и модалитети за примена, комбинација на антибиотици, профилактичка администрација на антибиотици ..................................2 часа<br>Ургентни состојби: алергиски реакции, колапс, хистеричен напад, епилептичен напад, опструкција на airway, хипо- и хипергликемија, хипо - и хипервентилационен синдром........2 часа<br>Тумори и цисти во детска возраст..........................................2 часа<br>***Резултати од учење од Поглавје 5****: Студентот стекнува знаења за специфичностите на оралнохируршките интервенции кај деца, вклучувајќи ги индикациите, контраиндикациите и техниките на изведување. Дополнително, студентот се запознава со принципите на фармакотерапија кај педијатриските пациенти, особено со употребата на антибиотици и другите антимикробни* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *лекови. Исто така, студентот учи како да препознае и третира ургентни состојби кои можат да се јават во стоматолошката ординација.Дополнително студентот се запознава со основните принципи на дијагностика и третман на туморите и цистите кои се јавуваат во детска возраст.*<br>**Вкупно: 30** ***часа***<br>***Практична настава-вежби***<br>**1.Ендодонтски третман и естетски процедури – практични вежби (12часа)**<br>Употреба на стоматолошките материјали во детската стоматологија: средства за тоалета на кавитети, материјали за привремено затворање на кавитети, бази, лајнери, материјали за дефинитивна оптурација на коренските канали, реставративни материјали (композити, глас-јономер цементи, хибридни материјали)................................................3 часа<br>Терапевтски процедури при заболувањата на пулпата и пародонтот: витални и мортални методи во третманот, третман на заболувањата на пародонтот кај млечните заби.................3 часа<br>Терапевтски процедури при заболувањата на пулпата и пародонтот: витални и мортални методи во третманот, третман на заболувањата на пародонтот кај трајните заби..................3 часа<br>Терапија на заболувањата на пулпата кај забите со незавршен раст на коренот..........................................................................3 часа<br>Спроведување на естетски стоматолошки процедури во детска возраст: изработка на надградби, ламинати, белење на заби 3 часа<br>Примена на ласери во детската стоматологија: препарација на кавитети, подготовка за поставување на композити и средства за запечатување на фисури, ендодонција, орално-хируршки третман, LLLT, белење на заби................................................3 часа<br>**2.Дијагностика и третман на заболувања на оралните ткива – практични вежби (17 часа)**<br>Стоматолошки третман при заболувања на меките ткива во оралната празнина кај децата: повреди на слузницата (механички, термички, хемиски, зрачења) 3часа<br>Стоматолошки третман при заболувања на усните: Cheilitisexfoliativa, Cheilitisangularis, Cheilitis glandularis, Melkersson-Rosenthal-ов синдром, Ascher-ов синдром, морфолошки промени .........................................3 часа<br>Стоматолошки третман при заболувања на јазикот: Linguageographica, Linguavillosanigra, развојни аномалии на јазикот (Linguaplicata, Glossitis rhombica mediana, Macroglossia, Microglossia, Aglossia, Lingua bifida, Ankyloglossia)...............3 часа<br>Стоматолошки третман при заболувања на гингивата: Gingivitiscattharalis, Gingivitishyperplastica, Gingivitisfibromatosa, Gingivitisulcero-necroticans, Gingivitis при никнење, Pericoronitis)....................................................3 часа<br>Стоматолошки третман при заболувања на пародонциумот: етиологија, класификација, тераписки модалитети................3 часа<br>Стоматолошки третман кај пациенти со орални манифестации на инфективни заболувања: бактериски, вирусни, габични инфекции ...2 часа<br>Стоматолошки третман кај деца со орални манифестации на системските заболувања: хематолошки заболувања (заболувања на црвената, белата крвна лоза, заболувања со тенденција за крварење), кожни, кардиоваскуларни, респираторни, ендокрини и ренални, гастроинтестинални заболувања) ……..3 часа<br>Третман на пациенти со пореметувања во имунолошкиот систем: примарни, секундарни промени, автоимуни заболувања........1 час<br>Постапка при третирање на пациенти со пореметувања во метаболизмот.1ч<br>Процедура при третман на деца со нутритивни пореметувања: недостиг на протеини, калциум и фосфор, магнезиум, поединечни микроелементи, |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">витамини....................................1 час<br>3.Третман на дентални трауми и нивни компликации – практични вежби (6 часа)<br>Стоматолошка процедура при повреди на забите и потпорните ткива кај деца: епидемиологија, етиологија, постапка при третманот- анамнеза, клиничко испитување, параклинички испитувања, поставување на дијагноза ......3 часа<br>Терапевтски процедури при повреди на забите и потпорните ткива кај деца…..3часа<br>Третман на компликации од повредите на забите и потпорните ткива .3 час<br>Тераписки опции во третманот на тумори и цисти во детска возраст ...3 час<br>4.Педопротетика, орална хирургија и ургентни состојби – практични вежби (10 часа)<br>Протетски третман на деца во млечна, мешовита и трајна дентиција. ..3 час<br>Орално-хируршки интервенции кај деца: екстракции на млечни и трајни заби, индикации и контраиндикации, инструментариум, методологија, компликации при и по екстракција на забите, специфични орално-хируршки интервенции кај деца............3 часа<br>Крварење при орално-хируршки интервенции кај деца и третман .......3 час<br>Терапија при дентогени инфекции кај деца.............................3 часа<br>Ординирање на антибиотици и останати антимикробни медикаменти во детска возраст: дозирање и модалитети за примена, комбинација на антибиотици, профилактичка администрација на антибиотици ......... 3 часа<br>Третман при ургентни состојби: алергиски реакции, колапс, хистеричен напад, епилептичен напад, опструкција на airway, токсична реакција на анестотици, cardiacarrest, хипо- и хипергликемија, хипо- и хипервентилационен синдром........3 часа<br>Интерцептивни ортодонтски процедури..................................2 часа<br>Резултати од практичната настава: Студентите се стекнуваат со практични вештини за дијагностика и третман на различните заболувања и патолошки состојби во детската стоматологија. Тие учат да ги аплицираат своите теоретски знаења во клиничката пракса, со фокус на современите ендодонтски, реставративни и хируршки техники, на третманот на меките ткива, денталните трауми и нивните компликации, и на интердисциплинарниот пристап кај децата. Дополнително, тие се обучуваат за препознавање и менаџирање на ургентните состојби во стоматолошката ординација.<br>Вкупно: 75 часа</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="3">Предметот е поврзан со основните медицински предмети и со предметите од претклиничката стоматологија, како и со предметот Детска стоматологија 1.</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Деталeн опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="3">Интерактивна настава, вежби, демонстрација на клинички случаи, практична работа со пациенти под супервизија.</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">240 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td>Предавања- теоретска настава. часови</td><td>45 часа</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td>Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>75 часа</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td>Пракса: часови</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td>Проектни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td>Самостојни задачи: часови</td><td></td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td>Домашно учење - задачи</td><td>120 часа</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="3">За да добие потпис студентот е потребно да ги исполни обврските за време на теоретската и теоретската настава.</td></tr>
<tr><td>19</td><td>Начин на оценување</td><td colspan="3"></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 19.1. | Тестови: бодови | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 60 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Марија Стевановиќ, Мира Јанкуловска, Џон Николсон, Елизабета Ѓоргиевска (уредник), Ана Сотировска – Ивковска, Златко Георгиев, Дејан Марковиќ, Александар Димков, Мери Павлевска, Алберто Бенедети, Драгана Габриќ, Марко Вулетиќ, Бернард Јанковиќ, Ефка Жабокова-Билбилова, Тамара Периќ, Бојан Петровиќ, Весна Амбаркова, Олга Кокочева-Ивановска, Јасна Симоноска | Детска стоматологија | Арс Ламина | 2022 |
| | | 2. | Beloica D isar. | Deĉjastomatologija | Elit-Medica Beograd | 2000 |
| | | 3. | Бајрактарова Б, Бајрактарова-Ваљакова Е, Бајрактарова-Мишевска Ц. | Аномалииназабите | НУБ Скопје | 2011 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | McDonald R, Avery D | Dentistry for the Child and Adolescent | Mosby, 7 ed | 1999 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Ургентни состојби и ризични пациенти во дент. пракса |
| 2. | Код | ДМЗУР5 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по орална хирургијаи по Катедра по максилофацијална хирургија |